До
Министерство за Информатичко општество и администрација
За министерот Иво Ивановски

Почитувани,

Во прилог на дописот ни се нашите предлог измени на Предлог измени на Законот за радиодифузната дејност што треба да се донесат до 15 мај.

Сметаме дека овие измени ќе бидат во корист не само за опстојување на повеќето локални и регионални медиуми туку и за успешен старт на дигитализацијата чиј старт е предвиден за 1 јуни 2013 година.

Со почит.

26.04.2013

потпис

Гордана Милковска
ЗЕЛМ

Во член 5 во предлог на Законот за измени и дополнувања на Законот за радиодифузната дејност со кој се менува членот 45 став 2 наместо предложеното:

Доколку страните од ставовите 4 и 5 на овој член не постигнат договор во утврдениот рок, Агенцијата за електронски комуникации по барање на една од страните поведува постапка за решавање на спор согласно со одредбите на Законот за електронските комуникации.

Да се замени со:

Доколку страните од ставовите 4 и 5 на овој член не постигнат договор во утврдениот рок, независно арбитражно тело по барање на една од страните поведува постапка за решавање на спор согласно со одредбите на Законот за електронските комуникаци, а во времето додека да се реши спорот да му се овозможи на радиодифузерот непречено да се емитува.

Образложение

Агенцијата за електронски комуникации не може да се јави како задолжено тело за решавање на вакви спорови, бидејќи и таа е заинтересирана страна со тоа што ги издава и наплаќа дозволите зз користење на фрекфенции.

Забелешка

Последната страна е страната на овој прилог претходната е доставена по грешка

Во член 7 во предлог на Законот за измени и дополнување на Законот за радиодифузната дејност со кој се менува членот 60 став 2 од постојниот Закон да се избрише во целост и да се воведе : При давање на дозволата се плаќа надомест во висина од 30.000,00 денари за покривање на трошоците што ги има Советот за радиодифузија при распишување на тендерот за доделување на дозвола.

Со оваа промена се менува и членот 36 од постојниот Закон:

Средствата за работата на Советот за радиодифузија се обезбедуваат од сред-ствата прибрани од радиодифузната такса и од надоместокот за дозволи за вршење радиодифузна дејност.

Доколку средствата од ставот 1 на овој член се поголеми од трошоците потребни за работењето на Советот, вишокот на средства се пренесуваат за наредната година и се предвидуваат во годишниот финансиски план на Советот за таа година.

Да се избрише: и од надоместокот за дозволи за вршење радиодифузна дејност.

Образложение:

Советот како независно тело, но регулаторно тело формирано за потребите на државата треба да биде на терет на државата како и сите вакви тела. Ниту едно вакво регулаторно тело не би требало да се финансира од дозволите на тие што им ги доделува а посебно не во оваа област, што се покажа во пракса многу лошо. Во минатото се доделуваа дозволи единствено со критериум за прибирање на што повеќе средства во Советот за радиодифузија и тогаш кога тоа не беше оправдано. А сега е уште помалку оправдано, во услови на зголемена конкурентност и нови форми на медиуми кои немаат ограничувања во ниту една сфера.

Во Член 10 од Предлог на Закон за изменување и дополнување на Закон за радиодифузната дејност, во став 4 на крај да се додаде :

Локалните и регионални радиодифузери кои не се согласуваат со условите на операторот ОНЕ да им се овозможи самите во рок од шест месеци да се дигитализираат со користење на само една од сегашните аналогни фрекфенциии

Образложение:

Согласно една од директивите од Европската унија нашата држава треба да си го запази националниот интерес. Исто така постојат примери во европската унија, ке ја посочиме Англија каде што операторот на телевизиите им поставил услови кои не им одговараат и власта им овозможила самите телевизии да изградат мултиплекс во одреден рок. Истата мерка е во согласност со нашето законодавство кое не дозволува монопол. Со оваа мерка ке бидат искористени и голем број на ресурси кои сега ги поседуваат радиодифузерите:

Предавателни пунктови со нивна инфраструктура, како и предавателите кои во најголем дел се модерни и се со капацитет и во наредните дваесет години да зрачат беспрекорно. Без разлика на зрачењето аналогно или дигитално се користат истите предаватели, со многу мала модификацуја која не преставува проблем за радиодифузерите.